**Europe House Strumica**
14 April ·

Во пресрет на 𝐖𝐎𝐑𝐋𝐃 𝐀𝐑𝐓 𝐃𝐀𝐘 - Светскиот ден на уметноста🖌️🎨, 15 април, во организација на ⭐𝐄𝐮𝐫𝐨𝐩𝐞 𝐇𝐨𝐮𝐬𝐞⭐Струмица се одржа еднодневна ликовна работилница во Дом на млади Штип, под насловот "(НЕ) СУДИ МЕ СПОРЕД КОРИЦАТА".

Средношколци од 📌СОУ „Јане Сандански" - Струмица,📌СОУ Гимназија "Славчо Стојменски" Штип и студенти од Ликовната Академија - Штип, под менторство на Јана Јакимовска, ликовна уметница и професорка на 📌Ликовна Академија, УГД - Штип, работеа индивидуално но и тимски на конкретната задача - изработка на корица за омилената книга 📓 или плакат за омилениот филм 🎬 или културен настан.

💯Учесниците се соочија и со предизвикот идејно и концептуално да го осмислат решението кое потоа и практично го изведоа во техника колаж. ✂️

➡️Работилницата имаше за цел на учесниците да им го доближи ликовното обликување и минималистичкиот графички дизајн како концепциски пристап кој опфаќа елементи од дизајнот и ликовната уметност.

#WorldArtDay














Бојана Тошевска, Dejan Vitanov and 48 others    1 comment    5 shares


(НЕ) СУДИ МЕ СПОРЕД КОРИЦАТА
Минималистичкиот дизајн се среќава со уметноста